**20131363292**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

Врз основа на член 177 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), министерот за одбрана, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИТЕ ДОЛЖНОСТИ НА ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, РАБОТНИТЕ МЕСТА (ДОЛЖНОСТИ) И ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ СПЕЦИЈАЛНОСТИ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА БОРБЕНАТА ТЕХНИКА И ВООРУЖУВАЊЕТО**

Член 1

Во Правилникот за определување на специфичните должности на цивилниот персонал од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должности) и висината на износот на додатокот на плата на лицата со посебни специјалности од особено значење за ракување и одржување на борбената техника и вооружувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/11), во член 2 во точката I по алинејата 5 се додаваат три нови алинеи, кои гласат:

„- инструктор за нуркање,
- инструктор за падобранство,
- инструктор за физички подготовки, скијање и пливање“.

Член 2

Во член 3 во точката 1 по алинејата 1 се додава нова алинеја, која гласи:

„- Полк за специјални операции“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-4909/1
23 септември 2013 година
Скопје

Министер,
за одбрана,
**Таљат Џафери,** с.р.